**Известување за концентрација со која „Телемах" Друштво за пружање услуги во областа на телекомуникации д.о.о. Сараево, Босна и Херцеговина ќе стекне самостојна контрола над „ТРИОН ТЕЛ" д.о.о. Бања Лука, Босна и Херцеговина (предмет бр. 08-74 од 26.08.2019 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) на ден 26.08.2019 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата доставено е известување за концентрација кое се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на „Телемах" Друштво за пружање услуги во областа на телекомуникации д.о.о. Сараево, Босна и Херцеговина со регистрирано седиште на ул. Џемал Биједиќ 216, Илиџа-Сараево, Босна и Херцеговина (и индиректно БЦ Партнерс ЛЛП, меѓународен приватен инвестиционен фонд со седиште во Лондон), над одредени делови од друштвото „ТРИОН ТЕЛ" д.о.о. Бања Лука со регистрирано седиште на адреса Видовданска 8, Бања Лука, Босна и Херцеговина.

„Телемах" Друштво за пружање услуги во областа на телекомуникации д.о.о. Сараево е трговско друштво со ограничена одговорност кое е активно со обезбедување на телекомуникациски услуги на територијата на Босна и Херцеговина. Телемах е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс има регистрирано присуство во Република Сецерна Македонија преку индиректно зависни друштва:

1. Тотал ТВ ДОО Скопје, друштво основано согласно законите на Република Северна Македонија, со регистрирано седиште на Бул. ВМРО бр.3, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, а кое се бави со дистрибуција на медиумски содржини преку DTH техничка платформа и
2. ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, друштво основано согласно законите на Република Северна Македонија, со регистрирано седиште на ул. Орце Николов бр. 68/3, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, а кое се бави со маркетиншки дејности.

„ТРИОН ТЕЛ" д.о.о. Бања Лука (друштво во чија сопственост во моментов се наоѓа Целниот имот) исто така се бави со обезбедување на телекомуникациски услуги на територијата на Босна и Херцеговина. Предметот на пријавената трансакција врзан е само со имотот и работењето на Трион Тел кое се користи или ќе се користи за обезбедување на телекомуникациски услуги, а не и за други евентуални дејности на Трион Тел, ниту за удели во тоа трговско друштво.

Целниот имот не е воопшто активен во Република Северна Македонија.

Подносителот смета дека дефиницијата на релевантниот пазар на стоки може да остане отворена бидејќи, без оглед на усвоената дефиниција, предложената концентарција нема да има било какво влијание на конкуренцијата во Република Северна Македонија, имајќи предвид дека Целниот имот воопшто не е присутно во Република Северна Македонија, оттаму не доаѓа до преклопувања помеѓу

учесниците на пазарот во Република Северна Македонија. Алтернативно, релевантниот пазар на стоки би можел да се дефинира како:

1. Малопродажен пазар за обезбедување услуги на фиксна телефонија;
2. Малопродажен пазар за обезбедување на услуги за широкопојасен пристап на интернет и
3. Малопродажен пазар за обезбедување на услуги на дистрибуција на медиумски содржини.

Што се однесува до географскиот опсег на пазарот за предметната концентарција, подносителот предлага релеватниот географски пазар да се дефинира како територија на Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

29.08.2019 година
Скопје